# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ БР. 1*
## 13–25 февруари 2009 година

## I. РЕЗИМЕ

- Изборите за претседател, градоначалници и совети на општините ќе се одржат на 22 март 2009 година. Ако во првиот круг ниту еден кандидат за претседател не освои мнозинство гласови од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список, во рок од 2 недели ќе се одржи и втор круг на гласање помеѓу двата водечки кандадата.

- На претседателските избори ќе се натпреваруваат седум кандидати. За избор на 84 градоначалници и совети на општините, како и за избор на градоначалник и советот на градот Скопје поднесени се вкупно 374 листи на кандидати за градоначалник и 703 советнички листи.

- Изборите се одржуваат согласно Изборниот законик кој неодмна беше изменет за да ги вклучи и неколкуте препораки кои беа дадени од страна на ОБСЕ/ОДИХР, а кои вклучуваат подобрени одредби за решавање по приговори и за финансирање на кампањите.

- Изборите ги спроведува изборна администрација на три нивоа која е составена од Државната изборна комисија (ДИК), 84 Општински изборни комисии (ОИКи) и Изборната комисија на градот Скопје, како и 2,976 Избирачки одбори (ИОи).

- Сегашниот состав на ДИК беше назначен на 4 декември 2008 година. Се чини дека комисијата работи транспарентно и непристрасно и дека ја ужива довербата на најголемиот дел од политичките партии. Иако на ДИК и недостигаат соодветни човечки ресурси и простории, подготовките за изборите, општо земено, добро течат.

- Обуките на ОИКи и полицијата се во тек. Составот на ИОи се смени и сега вклучува два члена кои се именувани од страна на партиите. Изборниот законик бара да постои „соодветна и правична" застапеност на етничките групи и жените на сите три нивоа на изборната администрација.

- На 22 февруари, лидерите на четирите најголеми политички партии ја одржаа последната од серијата средби на која се согласија да работат заедно во насока на одржување демократски избори и да се избегнат оние неправилонсти кои фрлија дамка на некои од минатите избори.

- Се известува за неколку политички инциденти кои се случиле во различни градови и Мисијата за набљудување на изборите (МНИ) на ОБСЕ/ОДИХР прими загрижувачки наводни обвинувања за постоење на застрашување.

- Официјалниот период за кампања не започнува сè до 2 март и постојат строги регулативи во врска со активно одржување кампања пред тој датум. Советот за радиодифузија иницираше казни и даде предупредувања на неколку телевизиски

* Единствена официјална верзија на овој документ е англиската верзија.

станици кои ги прекршија неговите строги упатства за медиумска покриеност пред започнувањето на официјалната кампања.

- Само мал дел од поединците кои беа обвинети за сторени прекршоци поврзани со изборите во 2008 година се и осудени. Членовите на ОИКи и ИОи кои беа обвинети за прекршоци на изборите во 2008 година беа отстранети од овие тела, а се известува и дека полицајците за кои било утврдено дека биле вклучени во изборни прекршоци дисциплински се казнети.

.

- МНИ на ОБСЕ/ОДИХР ја отвори својата канцеларија во Скопје на 13 февруари; таа е сочинета од 12-член главен тим и 24 долгорочни набљудувачи кои се распоредени во 11 градови низ земјата.

## II. ВОВЕД

Во согласност со уставните и законските одредби претседателските и локалните избори ќе се одржат на 22 март 2009 година. Последователно на Мисијата за проценка на потребите и на покана на Министерството за надворешни работи, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човечки права (ОБСЕ/ОДИХР) ја воспостави МНИ на 13 февруари. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР, предводена од г.Петер Ајкер, составена од 12-член главен тим со седиште во Скопје и 24 долгорочни набљудувачи (ДНи) кои на 19 февруари беа распоредени во 11 градови низ земјата. Членовите на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР потекнуваат од 25 земји-учеснички. Од земјите-учеснички се побара да назначат 300 краткорочни набљудувачи кои ќе го набљудуваат отворањето, гласањето, пребројувањето на гласовите и сумирањето.

## III. ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД

Петгодишниот мандат на сегашниот Претседател Бранко Црвенковски истекува во мај 2009 година. Претседателот е Врховен командант на оружените сили и Претседател на Советот за безбедност, а има и други овластувања меѓу кои и доделување на мандадот за формирање на влада, поставување на Амбасадорите и предлагање на некои од судиите. Иако не е спречен да се кандидира за втор мандат сегашниот Претседател изјави дека нема да оди на повторен избор и планира да се врати во раководството на неговата партија, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ).

Мандатот на 84 градоначалници и општински совети, покрај градоначалникот и советот на град Скопје (кој се состои од десет општини) ќе истече на крајот на март 2009 година. Во моментов СДСМ е на власт во 34 општини, најмногу од било која од партиите.

Претседателските и локални избори се одржуваат помалку од една година по парламентарните избори кои се одржаа на 1 јуни 2008 година, за кои ОБСЕ/ОДИХР заклучи дека “во целина […] не ги исполнија клучните заложби на ОБСЕ”, особено заради насилството и нерегуларностите. По овие избори, изборната коалиција предводена од Внатрешната македонска револуционерна организација Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) формираше владеачка коалиција со партијата на етнички Албанци Демократска унија за интеграција (ДУИ) и Партијата за европска иднина (ПЕИ); коалицијата има мнозинството во Собранието со 84 пратеници од вкупно 120. Најголемниот дел од соговорниците очекуваат за локалните избори да има пожестоко натпреваењување отколку за претседателските избори.

# IV. ПОЛИТИЧКИ ОКОЛНОСТИ

Изборите на 22 март се сметаат за клучен тест за надежите на земјата за превземање идни чекори кон Евро-атлантска интеграција, цел која е поддржана од страна на сите големи политички партии. Премиерот има свикано неколку средби со лидерите на четирите политички партии застапени во Собранието – ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и Демократската партија на Албанците (ДПА) – за да промовира демократски изборен процес. Со препорачливиот израз на добра волја од страна на партиските лидери, овие средби резултираа во меѓупартиски договори за бројни спорни изборни прашања. Последната средба, одржана на 22 февруари, резултираше во договори околу улогата на полицијата на денот на изборите, меѓупартиската координација и процедуралните заштитни мерки со цел да се осигура интегритетот на гласањето.

Најголемиот дел од соговорниците на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР истакнаа дека од клучно значење за спроведување на демократски избори ќе биде соодветната улога на полицијата и органите за спроведување на законот во спречувањето на насилство поврзано со изборите. Министерството за внатрешни работи на 18 февруари го претстави целокупниот безбедносен план за претстојните избори. Планот директно се основа врз искуството од изборите во 2008 година. Ќе се спроведе од страна на осум регионални полициски канцеларии во соработка со командирите на локалните полициски станици, и ќе се инкорпорира во целокупниот план за распределба на полициските сили кој треба да биде завршен.

Вкупно седум кандидати се натпреваруваат за претседателското место: Имер Селмани (Нова Демократија), Мируше Хоџа (ДПА), Нано Ружин (Либерално демократска партија), Ѓорге Иванов (ВМРО-ДПМНЕ), Љубе Бошковски (независен), Агрон Буџаку (ДУИ) и Љубомир Фрчковски (СДСМ). Шест од кандидатите се поддржани од политички партии, но само двајца од нив се активни членови на партиите кои ги номинираат. Четворица од кандидатите се акдадемски граѓани и универзитетски професори.

Официјалната 20 дневна изборна кампања започнува на 2 март и трае сè до 21 март. Членот 2.13 од Изборниот законик дава широка дефиниција на изборната кампања како јавно претставување на кандидатите во текот на предизборниот период. Општо земено, политичките партии и кандидатите досега ги почитуваа одредбите кои се однесуваат на кампањата, иако многу кандидати и партиски лидери беа активни во давањето изјави за медиумите, од кои некои беа нескромни или навредувачки. По распишувањето на изборите се прекинаа владините кампањи од висок профил кои ги промовираат владините политики.

Бројни соговорници на МНИ на ОБСЕ/ОДИХР ѝ предочија дека постојат наводни обвинувања за застрашување и притисок од страна на властите; меѓу овие соговорици се најдоа и кандидати и претставници на кандидатите, лидери на политички партии и граѓаните. Особено загрижувачки се наводните обвинувања за закани од типот на губење на државната работа, пензиите или домувањето за лица кои ги поддржуваат опозиционите кандидати, вклу~ително и во текот на процесот на собирање потписи.

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР до денешен ден забележа неколку насилни инциденти кои очигледно се поврзани со изборите, вклучително и еден напад врз штаб на политичка партија во Чаир, оштетување на партиско знаме пред штабот на партијата во Македонска Каменица, како и тепачка меѓу активисти на ДУИ и ДПА во Тетово.

Согласно податоците кои беа доставени од страна на Министерството за правда, од преку 200 лица обвинети за прекршоци поврзани за изборите во 2008 година, само 18 лица биле осудени. Бројни други случаи се во тек. Покрај тоа, членовите на ОИКи и ИОи кои беа обвинети за прекршоци на изборите во 2008 година беа отстранети од овие тела, а се известува и дека и полицајците за кои било утврдено дека биле вклучени во изборни прекршоци дисциплински се казнети.

## V. ПРАВНА РАМКА И ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Правната рамка и за претседателските и за локалните избори е консолидирана во рамките на сеопфатен Изборен законик кој е донесен во 2006 година. Во октомври 2008 година Собранието усвои бројни амандмани на Изборниот законик. Амандманите се однесуваа на дел од препораки кои беа дадени од страна на ОБСЕ/ОДИХР, како што се подобрени одредби за решавање по приговорите и за финансирање на кампањите. Меѓутоа, некои други препораки на ОБСЕ/ОДИХР се спроведени само делумно или пак воопшто не се спроведени. Изборниот законик сеуште содржи одредби кои се непрецизни и нецелосни и заради тоа остава простор за противречни толкувања или неконзистентни процедури.

Претседателот се избира на општи и непосредни избори за време од пет години и може да биде реизбран само еднаш. За да биде избран во првиот круг на гласање, кандидатот мора да добие мнозинство гласови од вкупниот број избирачи. Оваа одредба прави да биде веројатно дека кандидатот нема да биде избран во првиот круг. Доколку ниту еден кандидат не успее да го исполни ова барање, двата водечки кандидати влегуваат во вториот круг кој се одржува во рок од две недели . Избран ќе биде оној кандидат кој во вториот круг ќе добие најмногу гласови, под услов најмалку 40% од запишаните избирачи да излегле на гласање. Во спротивно се повторува целиот изборен процес.

Општинските советници се избираат согласно системот на пропорционална застапеност, со затворени листи и без барање на излезност. Кандидатот за градоначалник се избира во првиот круг доколку тој или таа освои повеќе од 50 проценти од дадените гласови, под услов најмалку третина од регистрираните избирачи во таа општина да излегле да гласаат. Доколку нема победник во првиот круг, во рамките на две недели има втор круг на избирање помеѓу двата кандидата кои добиле најголем број гласови. Победник е оној кандидат кој ќе добие мнозинство гласови. Не постои барање за излезност на избирачите за вториот круг на изборите.

## VI. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Изборниот законик, за сите избори, предвидува изборна администрација на три нивоа која се состои од Државната изборна комисија (ДИК), 84 Општински изборни комисии (ОИКи), Изборната комисија на градот Скопје и 2,976 Избирачки одбори (ИОи).

Скорешните амандмани на Изборниот законик ну`но бараат Собранието да назначи нов состав на ДИК која ќе го надгледува спроведувањето на изборите; меѓутоа, сите освен три члена беа дел од претходниот состав на ДИК. Претседателот на ДИК и два члена се номинираат од страна на политичките партии кои се опозицијата во Собранието, додека заменикот претседател и трите члена се номинираат од страна на мнозинските партии. ДИК работи на транспарентен начин, нејзините седници се отворени за акредитираните набљудувачи, претставници на партиите и кандидатите, како и медиумите. Таа често одржува состаноци и се чини работи во духот на консензусот. Како резултат на тоа се чини дека таа ја ужива довербата на најголемиот дел од политичките партии. Иако сегашниот состав на ДИК работеше само еден месец во моментот кога беа распи¡ани

изборите, и покрај недостигот од човечки ресурси и простории, подготовките за изборите, општо гледано, течат и се согласно распоредот.

ОИКи и ИОи беа формирани во рамките на роковите кои се пропишани со Изборниот законик, и тоа по случаен избор од редовите на државните службеници и со почитување на принципот на „соодветна и прави~на" и родова застапеност во изборнаите органи. На 24 февруари 2009 година ДИК донесе ново Упатство со цел да се зајакне ова барање. Скорешните амандмани на Изборниот законик предвидуваат застапеност на партиите во ИОи, при што еден член се номинира заеднички од страна на двете најголеми политички партии во Собранието, и еден заеднички од страна на двете главни партии во опозицијата. Општо земено, се чини дека и ОИКи се подготвени за изборите. Од 25 ОИКи кои досега беа посетени од страна на ДНи, само ОИКи во Пехчево и Сарај се пожалија на недоволно средства.

ДИК започна со задолжителна програма за обука на изборните комисии од пониските нивоа. Обуката на полицијата во врска со нејзината улога во изборниот процес, исто така, е во тек.

На 18 февруари, ДИК ја изведе примерената ждрепка за позициите на кандидатите на гласачкото ливче за избор на претседател. Процесот беше повторен и од страна на ОИКи во однос на гласачките ливчиња за локалните избори.

## VII. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗБИРЧКОТО ПРАВО И КАНДИДИРАЊЕ

Министерството за правда е одговорно за ажурирање и одржување на избирачкиот список до 1 септември 2009 година кога таа одговорност ќе премине кај ДИК. Избирачкиот список беше отворен за јавна проверка од 20 јануари до 3 февруари 2009 година. Вкупно 195,323 граѓани ги провериле своите податоци во текот на овој период и биле направени 1,525 промени. Избирчкиот список беше затворен на 18 февруари 2009 година. Има 1,792,082 запишани гласа~и. Некои од соговорниците се пожалија дека овој број е непропорционално висок во однос на вкупното население на земјата и дека голем број граѓани кои се во странство а се запишани во избирачкиот список дава можност за манипулации. Минатите препораки на ОБСЕ/ОДИХР да се преземе темелна ревизија на списоците сеуште не се спроведени.

Крајниот рок за поднесување на кандидатските листи беше 15 февруари. Сите седум кандидатури за Претседател кои беа поднесени до ДИК се потврдени. Неколку можни кандидати не успеаа да соберат 10,000 потписи потребни за регистрација како претседателски кандидат. За локалните избори, ОИКи и Изборната комисија на градот Скопје примија вкупно 374 кандидатури за градоначалник и 703 кандидатски листи за општински советници.

Собирањето потписи за поддршка на кандидатите е прилично рестриктивно и те¡ко бидејќи граѓаните мора да се потпишат само за еден од предложените кандидати и бидејќи за да се потпишат мора лично да се појават во локалната или регионалната канцеларија на Министерството за правда. Најголем дел од претседателските кандидати ја информираа МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека улогата на политичките партии била клучна во процесот на собирање на потребните потписи. Неколку кандидати или можни кандидати се пожалија дека системот е неправеден кон кандидатите од опозицијата делумно затоа што многу граѓани, како што се известува, се плашеле да отидат во владина канцеларија за да ја регистрираат својата поддршка за кандидат од опозицијата.

## VIII. МЕДИУМИ

Постои разновиден медиумски пејсаж кој се состои од околу 150 ТВ и радио станици и бројни печатени медиуми, вклучително 10 дневни весници. Достапни се и странски ТВ канали, преку сателит или преку кабелските мрежи во урбаните области. Националните приватни ТВ канали доминираат во рекламниот пазар; телевизијата е клучен медиум и извор на политички информации.

Изборниот законик и Законот за радиодифузна дејност ја формираат основната законска рамка која ја раководи кампањата во медиумите. Советот за радиодифузија (СР), тело за надзор на медиумите, работи со само шест од своите девет овластени члена бидејќи Собранието не успеа да пополни три слободни места отежнувајќи ја со тоа можноста за ефикасна работа на СР. На 16 јануари СР донесе регулативи за тоа како треба медиумите да ги покриваат изборите (Правилник за еднаков пристап и застапеност во медиумите во текот на изборната кампања). Правилникот беше донесен директно од страна на СР, за разлика од минатите избори, каде тоа беше одговорност на Собранието.

Согласно правилникот, медиумите треба да им обезбедат на сите претседателски кандидати еднаква покриеност. Покривањето на кандидатите на локалните избори од страна на националните медиуми треба да биде пропорционално врз основа на вкупниот број на кандидати за градоначалник и советнички листи кои се поднесени од секоја од партиите. СР очекува локалните медиуми да обезбедат еднаква покриеност на натпреварувачите на локалните избори. Јавните медиуми се обврзани да овозможат бесплатно време за кандидатите и не смеат да нудат платени политички реклами. Приватните радиодифузери можат да емитуваат платени политички реклами до максимум 15 минути на час, по еднакви цени за сите натпреварувачи.

СР има мандат да врши надзор на медиумската покриеност не само во текот на официјалниот период на кампањата, туку од моментот кога се распи¡ани изборите. Во духот на неговиот проширен мандат, СР на 16 јануари издаде упатства за периодот пред почетокот на кампањата, согласно кои медиумите смеат да емитуваат содржини поврзани со изборите во нивните програми за вести и не смеат да емитуваат други содржини поврзани со изборите, вклучувајќи на пример интервјуа со политичките лидери или потенцијалните или регистрираните кандидати.

Општо земено, ограничувањата кои се наметнати со упатствата медиумите не ги дочекаа со добредојде, но откако СР издаде бројни предупредувања и започна процедури за казнување на радиодифузерите, медиумите, општо земено, ги почитуваат упатствата. Како резултат на тоа, содржините поврзани со изборите во надгледуваните медиуми досега се ограничени. Иако упатствата се прилично рестриктивни, СР се чини дека ги има спроведено непристрасно и ~есно, и пристапот се чини дека го сопре проблемот на нерамноправно политичко покривање на кандидатите во предизборниот период на кампањата.

Од 16 февруари МНИ на ОБСЕ/ОДИХР спроведуваше квантитативни и квалитативни анализи на емитувањата во ударните термини на два јавни ТВ канали (МТВ-1 и МТВ-2) и четири национални приватни канали (А1, Алсат-М, Канал 5 и Сител), како и на вечерните дневници на ТВ Алфа. Исто така, беа набљудувани и пет дневни весници (*Дневник, Коха, Лајм, Нова Македонија и Време*).

## IX. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

ДИК е надлежното тело за решавање по приговорите од кандидатите и гласачите во врска со изборните процедури, вклучително во текот на гласањето, броењето и сумирање на гласовите. Против одлуките на ДИК жалба може да се поднесе до Управниот суд. Приговорите од страна на кандидати и партии во врска со нивите права во текот на официјалниот период на кампањата мора да бидат поднесени до првостепените судови чии одлуки може да се обжалат пред Апелациониот суд.

ДИК иницираше две прекршочни процедури пред Основниот суд Скопје 1 против Социјалдемократската унија и Македонската алијанса и тоа за спроведување кампања надвор од пропишаниот период за кампања (кршење на Член 74.1 од Изборниот законик).

СР иницираше неколку процедури пред Основниот суд Скопје 1 против Канал 5, Сител ТВ (два поднесока), ТВ Сител 3, Алсат ТВ и А1 ТВ, исто така за кршење на Член 74.1. Сите судски рочишта против радиодифузерите се закажани за крајот на февруари - почетокот на март. Покрај тоа, СР издаде неколку предупредувања до радиодифузерите за помали нерегуларности.

Не е поднесен ниту еден формален приговор во врска со регистрирањето на претседателските кандидати. Два можни кандидати за градоначалник од Гостивар и Чашка, поднесоа жалби по одлуките на соодветните ОИКи за одбивање на нивните кандидатури пред Управниот суд. Управниот суд ја отфрли одлуката на ОИК од Гостивар и ја потврди онаа на ОИК на Чашка.

ДИК сеуште нема донесено правила или упатства во врска со решавањето по приговорите и жалбите.

Процедурата за заштита на правата на кандидатите од Член 73 од Изборниот законик останува нејасна. Иако Законикот одредуваа дека Првостепениот суд (понекогаш нарекуван Основен суд) треба да постапува по такви случаи, и двата Првостепени суда во Скопје ја информираа МНИ на ОБСЕ/ОДИХР дека заштитата на правата на кандидатите не потпаѓа под нивна надлежност.

## X. УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Само еден од седумте претседателски кандидати - Мируше Хоџа (ДПА) е жена. Од 120 пратеници во сегашниот состав на Собранието 38 (32.7 проценти) се жени, а жени се и два министра во владата (Министерот за внатрешни работи и Министерот за култура). На локалните избори во 2005 година, три жени беа избрани за градоначалници, меѓутоа, ниедна од нив не е во трка за нов мандат. Изборниот законик вклучува механизми за рамноправна застапеност во изборната администрација, но Собранието не го исполни ова барање при назначувањето на членовите на ДИК (само еден од седумте члена е жена). На претстојните избори, едно на секои три места на кандидатската листа за општински совети мора да биде заземено „од помалку застапениот род“. Мрежата на организации на жените „Антико“ лансираше јавна информациона кампања насочена кон образување на жените во врска со нивните гласачки права и против семејното гласање.

Изборниот законик предвидува членовите на заедниците кои не се мнозинство да бидат вклучени во изборните комисии во сите области каде се застапени со најмалку 20% од вкупното население. Во таквите области и изборните материјали мора да бидат на јазиците на заедниците кои не се мнозинство. Претставници на бројни заедници кои не се

мнозинство се на позиција или како членови на своите политички партии или како дел од поширока коалиција.. Демократската партија на Турците во Македонија (ДПТМ) има свои кандидати за градоначалник и совет во најмалку три општини (Гостивар, Пласница, Центар Жупа), додека Демократската партија на Србите во Македонија (ДПСМ) има свои кандидати во две општини (Старо Нагоричане, Чучер Сандево), а кои се поддржани од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Фијат Цаноски, лидерот на ПЕИ, партија која ја застапува малата заедница која себеси се нарекува заедница на македонски муслимани, е кандидат за градоначалник на Струга. Партиите кои ја претставуваат ромската заедница имаат два кандидата за градоначалници во скопската општина Шуто Оризари.

## XI. ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧИ

Изборниот законик овозможува набљудување на изборниот процес од страна на здруженија на граѓани, странски здруженија, меѓународни организации и претставници на странски земји. ДИК донесе и издаде нов Кодекс за набљудувачи со кој ги одредува правата и обврските на сите набљудувачи и процедурите за акредитација.

Граѓанското здружение МОСТ планира да има свои, домашни, активности на набљудување. МОСТ има намера да ангажира околу 3,750 набљудувачи на денот на изборите и да спроведе паралелно сумирање на гласовите (ПСГ) за претседателските избори и за изборите за градоначалник и членови на советот на град Скопје.

## XII. АКТИВНОСТИ НА МНИ НА ОБСЕ/ОДИХР

МНИ на ОБСЕ/ОДИХР ја отвори својата канцеларија во Скопје на 13 февруари 2009 година. ©ефот на Мисијата се сретна со Претседателот на владата, Заменик Претседателот на владата за евроинтеграции, Министерот за правда, Државниот секретар на Министерството за надворешни работи, Претседателот на ДИК, Претседателот на Советот за радиодифузија и други службеници, како и со ©ефот на набљудува~ката Мисија на ОБСЕ во Скопје, Специјалниот претставник на Европската Унија и со Амбасадорите на земјите-учеснички во ОБСЕ. МНИ на ОБСЕ/ОДИХР оствари првични средби и воспостави редовни контакти со ДИК и ОИКи, претседателските кандидати, кандидатите за градоначалници, главните политички партии, граѓанското општество и медиумите.